# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 5, година LI**
**Понеделник, 11.05.2020**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08 и 08/19), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за ставање во функција на Микробиолошката лабораторија за молекуларна дијагностика на КОВИД-19 во насока на ефикасно, ефективно и навремено детектирање на пациентите со Коронавирус**

1. Ја објавувам Одлуката за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за ставање во функција на Микробиолошката лабораторија за молекуларна дијагностика на КОВИД-19 во насока на ефикасно, ефективно и навремено детектирање на пациентите со Коронавирус, донесена на седницата на Советот на општината Битола одржана на 11.05.2020 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-425/1
11.05.2020 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
м-р Наташа Петровска

Врз основа член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 22 точка 36 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/2005, 17/08 и 08/19), а во врска со член 7 став 1, член 8 став 1 и член 10 став 1 алинеја 1 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 2 од Уредбата со законска сила за примена на Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.103/20), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 11.05.2020 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за ставање во функција на Микробиолошката лабораторија за молекуларна дијагностика на КОВИД-19 во насока на ефикасно, ефективно и навремено детектирање на пациентите со Коронавирус**

**Член 1**

Со ова одлука се дава донација на финансиски средства во износ од 600.000,00 денари на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за ставање во функција на Микробиолошката лабораторија за молекуларна дијагностика на КОВИД-19 во насока на ефикасно, ефективно и навремено детектирање на пациентите со Коронавирус.

**Член 2**

Средствата од членот 1 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Битола за 2020 година, програма Г1 – Локален економски развој, ставка 464990 – Разни трансфери и да се уплатат на сметката за донации на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола:

Назив на примач: Трезорска сметка
Банка на примач: НБРСМ
Сметка број: 100 0000000660 05
Сметка на буџетски корисник за донации: 660 0200082485 69
Приходно конто: 744311
Програма: 00.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола за донацијата која што е предмет на оваа одлука.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-39/3
11.05.2020 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Валентин Груевски

**С О Д Р Ж И Н А**

О Д Л У К А за давање на донација на финансиски средства на ЈЗУ Центар за јавно здравје Битола потребни за ставање во функција на Микробиолошката лабораторија за молекуларна дијагностика на КОВИД-19 во насока на ефикасно, ефективно и навремено детектирање на пациентите со Коронавирус ....... 1

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211